МЗМП

# Задржување од имиграциски причини во Северна Македонија низ бројки



јануари-септември 2021 година

Задржување од имиграциски причини во Северна Македонија низ бројки

Издавач: Македонско здружение на млади правници

Уредник: Теодора Ќосева Костадиновска

Автор: Игор Стојчевски

Дизајн и графичко уредување: Даниел Станоески

Скопје, Декември 2021 година

**Факти:**

- Бројот на задржани лица од имиграциски причини во 2021 година (388) е во континуиран пораст споредено со претходните години (2020 – 317, 2019 - 225).

- Постои мало намалување на бројот на задржани деца од имиграциски причини во 2021 година (55), споредено со истиот период во 2020 година (76)

- Просечното време на задржување на дете во ПТЦ Винојуг изнесува 29 денови, а најдолгото 50 денови.

- Во најголем број на случаи беше назначен старател на задржаните деца без придружба. Меѓутоа понекогаш имаше доцнење околу навременото назначување на старателот.

- Во 2021 година лицата се задржуваа на три локации во ПЦ Гази Баба, ПТЦ Винојуг како и во ПТЦ Табановце. Мигрантите во ПТЦ Винојуг задржани како сведоци во постапките против криумчарите продолжија да бидат задржувани во карантин пред нивно изведување пред јавен обвинител.

- На задржаните лица во ПТЦ Винојуг и ПТЦ Табановце не им беше издадено решение за задржување за разлика од ПЦ за странци каде што беа издавани решенија за задржување. Меѓутоа МЗМП не поседува податоци за основот врз база на кои се донесени овие решенија.

- Во 2021 година, и ПТЦ Табановце служеше како центар за задржување на сведоци во постапки против криумчари или жртви на насилство и инциденти предизвикани од трети лица.

- Задржаните лица во ПТЦ Винојуг имаа отежната можност за правна помош и пристап до соодветни информации. Правниците на МЗМП контактот го остваруваа посредно преку користење на телефон и преку социјални мрежи и апликации.

- Најголемиот дел од задржаните лица по даден исказ како сведоци во постапките против криумчарите беа вратени во Грција вон формална постапка за депортација или поднесуваа барање за азил и беа пренесени во ПЦ за баратели на азил.

- Забележано е намалување на лица (13962) кои се спречени нелегално да влезат на територија на РСМ или се вратени во Грција вон формална постапка за разлика од истиот период во 2020 година (24153).

- Најголем број од задржаните лица во ПТЦ Табановце и ПТС Винојуг се жалеа на условите и недостаток на соодветни информации околу причините за нивното задржување.

- Од април 2021 година, на МЗМП му беше овозможен влез во ПЦ за странци, но со ограничен пристап до лицата задржани таму. МЗМП оствари 26 посети и изврши правно советување во однос на постапката за азил со 9 лица.

**Вкупен број на задржани лица од имиграциски причини: 388**

**Број на задржани лица во ПЦ за странци во Гази Баба: 177**

**Број на задржани лица во ПТЦ Винојуг: 198**

**Број на задржани лица во ПТЦ Табановце: 13**

**Број на задржани деца: 55**

**Број на задржани деца без придружба: 44**

**Број на задржани жени: 40**

**Просечно време на задржување во ПТЦ Винојуг: 20 денови**

**Најдолго време на задржување во ПТЦ Винојуг: 62 денови**

**Просечно време на задржување на деца во ПТЦ Винојуг: 29 денови**

**Најдолго време на задржување на дете во ПТЦ Винојуг: 50 денови**

**Просечно време на задржување во ПТЦ Табановце: 2 денови**

**Најдолго време на задржување во ПТЦ Табановце: 5 денови**

**Број на протерани лица: 98**

**Број на кривични пријави против криумчари: 24**

**Број на жртви на криумчарење (спречени од полицијата): 420**

**Број на лица спречени да остварат нелегален влез во РСМ: 13.962**

**Број на поднесени барања за азил во ПЦ за странци: 30**
**Број на донесени решенија за задржување во ПЦ за странци: 160**


Задржани лица во ПЦ за странци
8%
12%
80%
мажи
жени
деца


Земја на потекло на задржаните лица
60
50
40
30
20
10
0
Тајван
Турција
Пакистан
Косово
Авганистан
Германија
Албанија
Русија
Сирија
Сомалија
Србија
Мароко
Гамбија
Ангола
Бангладеш
Швајцарија
Сенегал
Романија
Португалија
Конго
Ирак
БиХ
САД
Казахстан
Судан
Камерун
Белгија
Италија


Задржани лица во ПТЦ Винојуг
20%
8%
72%
мажи
жени
деца


Земја на потекло на задржаните лица
100
90
80
70
60
50
40
30
20
10
0
Пакистан
Куба
Бангладеш
Еритреа
Сомалија
Египет
Турција
Индија
Сирија
Авганистан
Кина
Замбија
Алжир
Мароко







**Сведочењето во кривична постапка беше најчестата причина за задржување од имиграциски причини, иако согласно позитивните законски одредби и норми ова не претставува основ за задржување.**

**Задржаните лица не секогаш ја разбираа причината, должината на нивно задржување, а некогаш не им биле објаснети причините за задржување на јазик разбирлив за нив. Земајќи го ова во предвид и тоа дека дел од нив беа држени 15 дена во карантин пред да бидат изведени за сведочење, на овие лица им беше оневозможен пристапот до ефективна правна помош.**

**Задржаните лица во ПТЦ Винојуг и ПТЦ Табановце имаа отежната можност за правна помош и пристап до соодветни информации. Правниците на МЗМП контактот го остваруваа посредно преку користење на телефон и преку социјални мрежи.**

**Дел од задржаните лица во ПЦ за странци се жалеа дека соодветно не им биле објаснети нивните права ниту го разбирале јазикот кој што го зборувале надлежните институции. Во разговор со мал дел од нив, истакнаа дека воопшто не се запознаени што потпишале ниту пак некој им ги објаснил тие документи.**

**И во 2021 година задржувањето од имиграциски причини сè уште се третираше како дел од административна процедура и истото не е ревидирано од судија и по одминување на 12 часа.**

## ПРЕПОРАКИ:

- **Алтернативите на задржување на деца треба да бидат приоритет и мора да бидат правно достапни со цел да се избегне задржување на деца од имиграциски причини;**

- **Задржувањето на дете од имиграциски причини може да се земе во предвид само како последна мерка доколку останатите не се соодветни и применливи во определен случај. И во тие случаи децата треба да имаат право на образование, свеж воздух и интерактивни содржини прилагодени на нивната возраст.**

- **Обезбедувањето на присуство на сведоци во кривичните постапки преку нивно задржување е спротивно на законот. Соодветни алтернативи треба да бидат разгледани;**

- **Ефективната правна помош и можноста за оспорување на донесеното решение се едни од приоритетите со кои ќе се гарантираат правата на задржаните лица од имиграциски причини;**

- **Надминувањето на проблемот околу долгото траење на постапката и отсуството на толкувачи ќе придонесат за поголема ефикасност на самите постапки;**

- **Одолговлекувањето на процесирањето на поднесените барања за азил поради давање на изјава пред Јавен обвинител претставува практика која во иднина треба да се промени поради ограничувања на дел од правата на овие лица;**

- **Карантинското сместување без правен основ претставува незаконска примена на позитивните законски прописи и ускратување на основите права на бегалците и мигрантите. Во време на пандемија мигрантите се едни од најранливите групи, а соодветната проценка на потребите и ризикот на овие луѓе е неопходна и има клучна улога.**

*Сите информации презентирани во овој извештај се базираат на добиени информации од јавен карактер како и на податоци со кои располага МЗМП за лицата задржани во ПТЦ Винојуг, ПТЦ Табановце и ПЦ за странци.



МЗМП

**Македонското здружение на млади правници (МЗМП) е независна, професионална и непрофитна организација која обезбедува правна помош и стратешко застапување за заштита на човековите права.**

**МЗМП е организација во Северна Македонија која овозможува бесплатна правна помош и ги застапува барателите на азил, бегалците, лицата без државјанство и други лица од интерес во постапките поврзани со азил, легален престој и други социјални права.**


**КОНТАКТ**
**Ул. Донбас 14/1-6,**
**1000 Скопје**
**Тел: +389 2 3220 870**

**Email:**
**contact@myla.org.mk**
**Веб страна:**
**www.myla.org.mk**



Оваа публикација е поддржана од страна на Претставништвото на УНХЦР во Скопје. Мислењата и ставовите изразени во публикацијата се мислења на авторот и нужно не ги одразуваат официјалните ставови на УНХЦР.